РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-1185/3
28.10.2021 год.
РАНКОВЦЕ

Градоначалникот на Општина Ранковце решавајќи по барањето заведено под број 22-1185/1 од 28.09.2021 година за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќа на К.П. бр.96 К.О. Одрено, Општина Ранковце, врз основа на член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020) донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќа на К.П. бр.96 К.О. Одрено, Општина Ранковце.
2. Составен дел на ова Решение е Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќа на К.П. бр.96 К.О. Одрено, Општина Ранковце со тех.број У-04/21 од Септември 2021 година, изработена од ДПУПИ „УРБАН ГИС" ДОО Куманово врз основа на Лиценца за изработување на урбанистички планови бр.025.

## О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, со број 22-1185/1 од 28.09.2021 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќа на К.П. бр.96 К.О. Одрено, Општина Ранковце со тех. број У-04/21 од Септември 2021 година.

Градоначалникот на општина Ранковце врз основа на доставениот Предлог од Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-51/1 од 14.02.2017 година, изврши увид и ги проучи прилозите кон барањето при што утврди дека кон барањето се доставени:

1. Полномошно број УЗП 513/2021 од 15.02.2021 година.
2. Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќа на К.П. бр.96 К.О. Одрено, Општина Ранковце
3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден број 0801-466/4 од 19.11.2020 година, изработен од „ТУМБА Гео Арт" ДОО Куманово.
4. Известување за електронска заверка на геодетскиот елаборат бр. 1110-26/2020 од 19.11.2020 година.

5. Услови за планирање на просторот за изработка на со тех.број Y06821 од мај 2021 година изработени од Агенција за планирање на просторот.
6. Решение за услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање бр. УП1-15722/2021 од 28.05.2021 година.

Врз основа на горенаведеното се констатира дека се исполнети условите од член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020), и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Правна поука:** Против решението на градоначалникот на Општина Ранковце, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski

Digitally signed by Mome Krstevski
DN: o=Opshtina Rankovce, c=MK, email=mome.krstevski@rankovce.gov.mk, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2021.10.28 12:16:23 +02'00'

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Ивица Тошевски**

Ivica Toshevski

Digitally signed by Ivica Toshevski
DN: o=Opshtina RANKOVCE Rankovce, serialNumber=4015005104850, c=MK, email=gradonacalnik@rankovce.gov.mk, sn=Toshevski, givenName=Ivica, cn=Ivica Toshevski
Date: 2021.10.28 12:17:58 +02'00'